# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК

## Општина Гази Баба

16 февруари 2015 | Излегува по потреба | Година X | број 2



e-mail: glasnik@gazibaba.gov.mk http://www.gazibaba.gov.mk

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13 и 12/14), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ПРИМАЊЕ И ДАВАЊЕ НА ТРАЈНО КОРИСТЕЊЕ НА ДВИЖНИ СТВАРИ**

1. Се објавува Одлуката за примање и давање на трајно користење на движни ствари, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на ден 10.02.2015 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-532/1**
**од 11.02.2015 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Тони Трајковски, с.р.**

Врз основа на член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), а во врска со Одлуките за престанок и за давање на трајно користење движни ствари на Општина Гази Баба, бр.42-11060/9 од 23.12.2014 година, бр.42-11060/10 од 23.12.2014 година, бр.42-11060/11 од 23.12.2014 година, бр.42-11060/12 од 23.12.2014 година, бр.42-11060/13 од 23.12.2014 година и бр.42-11060/14 од 23.12.2014 година ("Службен весник на РМ" бр.200/14), Советот на Општина Гази Баба на Дваесет и седмата седница одржана на ден 10.02.2015 година, донесе

## О Д Л У К А

## ЗА ПРИМАЊЕ И ДАВАЊЕ НА ТРАЈНО КОРИСТЕЊЕ НА ДВИЖНИ СТВАРИ

### Член 1

Со оваа одлука Општина Гази Баба од Владата на Република Македонија, прима на трајно користење движни ствари, согласно Одлуките за престанок и за давање на трајно користење движни ствари на Општина Гази Баба, бр.42-11060/9 од 23.12.2014 година, бр.42-11060/10 од 23.12.2014 година, бр.42-11060/11 од 23.12.2014 година, бр.42-11060/12 од 23.12.2014 година, бр.42-11060/13 од 23.12.2014 година и бр.42-11060/14 од 23.12.2014 година ("Службен весник на РМ" бр.200/14).

### Член 2

Пренесеното право на користење на движни ствари без надомест, согласно Одлуката за престанок и за давање на трајно користење движни ствари на Општина Гази Баба, бр.42-11060/9 од 23.12.2014 година ("Службен весник на РМ" бр.200/14), за потребите на ООУ "25 Мај", се однесува на следните движни ствари:

| НАЗИВ | Реден број | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 |
| | Персонал ен компјутер TW945G, Haier/Teac h (Зелена ознака) | Персонале н компјутер TW945G, Haier/Teach (Црвена ознака) | Тастатура за TW945G | Глувче за TW945G | 15" ЛЦД Монитор модел HL1510W, Haier | Тин Клиент | Тастатура за тин клиент | Глувче за тин клиент |
| **Количина** | 36 | 9 | 45 | 45 | 261 | 216 | 216 | 216 |

**Член 3**

Пренесеното право на користење на движни ствари без надомест, согласно Одлуката за престанок и за давање на трајно користење движни ствари на Општина Гази Баба, бр.42-11060/10 од 23.12.2014 година ("Службен весник на РМ" бр.200/14), за потребите на ООУ "Кирил и Методиј", се однесува на следните движни ствари:

| НАЗИВ | Реден број | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 |
| | Персонален компјутер TW945G, Haier/Teach (Зелена ознака) | Персонален компјутер TW945G, Haier/Teach (Црвена ознака) | Тастатура за TW945G | Глувче за TW945G | 15" ЛЦД Монитор модел HL1510W, Haier | Тин Клиент | Тастатура за тин клиент | Глувче за тин клиент |
| Количина | 12 | 3 | 15 | 15 | 87 | 72 | 72 | 72 |

**Член 4**

Пренесеното право на користење на движни ствари без надомест, согласно Одлуката за престанок и за давање на трајно користење движни ствари на Општина Гази Баба, бр.42-11060/11 од 23.12.2014 година ("Службен весник на РМ" бр.200/14), за потребите на ООУ "Крум Тошев", се однесува на следните движни ствари:

| НАЗИВ | Реден број | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 |
| | Персонален компјутер TW945G, Haier/Teach (Зелена ознака) | Персонален компјутер TW945G, Haier/Teach (Црвена ознака) | Тастатура за TW945G | Глувче за TW945G | 15" ЛЦД Монитор модел HL1510W, Haier | Тин Клиент | Тастатура за тин клиент | Глувче за тин клиент |
| Количина | 12 | 3 | 15 | 15 | 87 | 72 | 72 | 72 |

**Член 5**

Пренесеното право на користење на движни ствари без надомест, согласно Одлуката за престанок и за давање на трајно користење движни ствари на Општина Гази Баба, бр.42-11060/12 од 23.12.2014 година ("Службен весник на РМ" бр.200/14), за потребите на ООУ "Стив Наумов", се однесува на следните движни ствари:

| НАЗИВ | Реден број | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 |
| | Персонален компјутер TW945G, Haier/Teach (Зелена ознака) | Персонален компјутер TW945G, Haier/Teach (Црвена ознака) | Тастатура за TW945G | Глувче за TW945G | 15" ЛЦД Монитор модел HL1510W, Haier | Тин Клиент | Тастатура за тин клиент | Глувче за тин клиент |
| Количина | 32 | 8 | 40 | 40 | 232 | 192 | 192 | 192 |

**Член 6**

Пренесеното право на користење на движни ствари без надомест, согласно Одлуката за престанок и за давање на трајно користење движни ствари на Општина Гази Баба, бр.42-11060/13 од 23.12.2014 година ("Службен весник на РМ" бр.200/14), за потребите на ООУ "Вера Јоциќ", се однесува на следните движни ствари:

| НАЗИВ | Реден број | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 |
| | Персонален компјутер TW945G, Haier/Teach (Зелена ознака) | Персонален компјутер TW945G, Haier/Teach (Црвена ознака) | Тастатура за TW945G | Глувче за TW945G | 15" ЛЦД Монитор модел HL1510W, Haier | Тин Клиент | Тастатура за тин клиент | Глувче за тин клиент |
| Количина | 20 | 5 | 25 | 25 | 145 | 120 | 120 | 120 |

**Член 7**

Пренесеното право на користење на движни ствари без надомест, согласно Одлуката за престанок и за давање на трајно користење движни ствари на Општина Гази Баба, бр.42-11060/14 од 23.12.2014 година ("Службен весник на РМ" бр.200/14), за потребите на ООУ "Његош", се однесува на следните движни ствари:

| НАЗИВ | Реден број | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 1 Персонален компјутер TW945G, Haier/Teach (Зелена ознака) | 2 Персонален компјутер TW945G, Haier/Teach (Црвена ознака) | 3 Тастатура за TW945G | 4 Глувче за TW945G | 5 15" ЛЦД Монитор модел HL1510W, Haier | 6 Тин Клиент | 7 Тастатура за тин клиент | 8 Глувче за тин клиент |
| Количина | 28 | 7 | 35 | 35 | 203 | 168 | 168 | 168 |

**Член 8**

Општина Гази Баба движните ствари од член 2, 3, 4, 5, 6 и 7 на оваа одлука, согласно Одлуките за престанок и за давање на трајно користење движни ствари на Општина Гази Баба, од член 1 на оваа одлука, ги дава на трајно користење на општинските основни училишта, каде се наменети.

**Член 9**

Се задолжува Градоначалникот на Општина Гази Баба да склучи договори со Министерот за образование и наука, со кој ќе се уредат правата и обврските за движните ствари од член 2, 3, 4, 5, 6 и 7 од оваа одлука.

**Член 10**

Се задолжува Градоначалникот на Општина Гази Баба да склучи договори со општинските основни училишта од член 2, 3, 4, 5, 6 и 7, со кој ќе се уредат правата и обврските за движните ствари од член 2, 3, 4, 5, 6 и 7 од оваа одлука.

**Член 11**

Се задолжуваат општинските основни училишта од член 2, 3, 4, 5, 6 и 7, по склучување на договорите од член 10 на оваа одлука и уреден прием на движните ствари, истите да ги запишат во финансиско - материјалната сметководствена евиденција.

**Член 12**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 07-356/3**
**од 10.02.2015 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**м-р Милан Андоновски, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13 и 12/14), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА 2015 ГОДИНА**

1. Се објавува Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Гази Баба за 2015 година, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на ден 10.02.2015 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-532/2**
**од 11.02.2015 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Тони Трајковски, с.р.**

Врз основа на член 36 став (1) точка 2 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), член 23 став (8) од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.61/04, 96/04, 67/07, 156/09 и 47/11) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), Советот на Општина Гази Баба на Дваесет и седмата седница одржана на ден 10.02.2015 година, донесе

## О Д Л У К А

## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА 2015 ГОДИНА

**Член 1**

Во Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Гази Баба за 2015 година ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.14/14), во воведниот дел на одлуката, кај цитираниот член 23 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.61/04, 96/04, 67/07, 156/09 и 47/11), "став (5)" се заменува со **"став (8)"**.

**Член 2**

Во член 10 став (2) по зборот "година" точката се заменува со запирка и се додаваат зборовите: **"зголемен за персонален данок, придонеси за здравствено, пензиско и инвалидско осигурување."**

**Член 3**

Во член 13 процентот "35%" се заменува со процентот **"50 %".**

**Член 4**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 07-356/4**
**од 10.02.2015 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**м-р Милан Андоновски, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13 и 12/14), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗМЕНА НА РАСПОРЕДОТ НА СРЕДСТВАТА ВО БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА 2015 ГОДИНА**

1. Се објавува Одлуката за измена на распоредот на средствата во Буџетот на Општина Гази Баба за 2015 година, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на ден 10.02.2015 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 08-532/3**
**од 11.02.2015 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Тони Трајковски, с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр.5/2002), а во врска со член 34 од Законот за Буџетите (Сл.весник на РМ бр.64/2005, 2008) Советот на Општина Гази Баба на 27-та седница одржана на 10.02.2015 година, донесе

# О Д Л У К А

**За измена на распоредот на средствата во Буџетот на Општина Гази Баба**

**За 2015 година**

**Член 1**

Со оваа одлука се врши измена на распоредот на средства во Буџетот на општина **Гази Баба**

За **2015** година на следниот начин :

| Потпрограма и назив на потпрограмата | Потставка и опис на потставката | Буџет | Самофинан. | Дотации | Донации | Кредити |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **A00** | **СОВЕТ НА ОПШТИНА** | | | | | |
| 402110 | Основни придонеси за ПИО | 1.400.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 402210 | Основни придонеси за здравство | 600.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **EA0** | **КАПИТАЛНИ ТРОШОЦИ НА ОПШТИНА** | | | | | |
| 480110 | Купување на канцелариска опрема | -1.600.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 480140 | Купување на информатичка и видео опрема | -400.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| | | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |

**Член 2**

Одлуката влегува во сила од денот на објавувањето во Службен гласник на Општина **Гази Баба** и станува составен дел на Буџетот на општината за **2015** година.

БР. 07-356/5 од 10.02.2015

**Претседател на Советот на Општина**
**Гази Баба**
**М-р Милан Андоновски**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13 и 12/14), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ПРОШИРУВАЊЕ И ИЗМЕНА НА РАСПОРЕДОТ НА СРЕДСТВАТА ВО БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА 2015 ГОДИНА**

1. Се објавува Одлуката за проширување и измена на распоредот на средствата во Буџетот на Општина Гази Баба за 2015 година, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на ден 10.02.2015 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 08-532/4**
**од 11.02.2015 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Тони Трајковски, с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр.5/2002), а во врска со член 34 од Законот за Буџетите (Сл.весник на РМ бр.64/2005, 2008) Советот на Општина Гази Баба на 27-та седница одржана на 10.02.2015 година, донесе

# О Д Л У К А

**За проширување и измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Гази Баба**

**За 2015 година**

**Член 1**

Со оваа одлука се врши проширување и измена на распоредот на средства во Буџетот на општина **Гази Баба**

За **2015** година на следниот начин :

| Потпрограма и назив на потпрограмата / Потставка и опис на потставката | Самофинан. | Дотации | Донации | Кредити |
|---|---|---|---|---|
| **Се зголемуваат приходите на следните потставки :** | | | | |
| **А00 СОВЕТ НА ОПШТИНА** | | | | |
| 742119 Други општи и тековни донации | 0 | 0 | 268.000 | 0 |
| | 0 | 0 | 268.000 | 0 |
| **N10 ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ** | | | | |
| 425760 Превозни услуги во образованието | 0 | 0 | 125.000 | 0 |
| 423990 Други материјали | 0 | 0 | 125.000 | 0 |
| 420130 Патување во земјата - сместување | 0 | 0 | 18.000 | 0 |
| | 0 | 0 | 268.000 | 0 |

**Член 2**

Одлуката влегува во сила од денот на објавувањето во Службен гласник на Општина **Гази Баба** и станува составен дел на Буџетот на општината за **2015** година.

БР. 07-356/6 од 10.02.2015

**Претседател на Советот на Општина**
**Гази Баба**
**М-р Милан Андоновски**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13 и 12/14), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

## Р Е Ш Е Н И Е

## ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА БЛАГАЈНИЧКИ МАКСИМУМ ЗА 2015 ГОДИНА

1. Се објавува Одлуката за утврдување на благајнички максимум за 2015 година, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на ден 10.02.2015 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-532/5**
**од 11.02.2015 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Тони Трајковски, с.р.**

Врз основа на член 20 став (2) од Законот за платниот промет (''Службен весник на РМ'' бр.113/07, 22/08, 159/08, 133/09, 145/10, 35/11, 11/12, 166/12 и 170/13), член 36 став (1) точка 15 и член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.4/06 и 12/13) Советот на Општина Гази Баба на Дваесет и седмата седница одржана на ден 10.02.2015 година, донесе

**О Д Л У К А**

**ЗА УТВРДУВАЊЕ НА БЛАГАЈНИЧКИ МАКСИМУМ ЗА 2015 ГОДИНА**

**Член 1**

Се утврдува благајничкиот максимум за 2015 година, во износ од 120.000,00 денари.

**Член 2**

Готовите пари во благајната, примени по сите основи се уплатуваат на сметката кај носителот на платен промет истиот ден, а најдоцна наредниот ден на наплатата.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 07-356/7**
**од 10.02.2015 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**м-р Милан Андоновски, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13 и 12/14), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ЦЕНИ ЗА УСЛУГИТЕ КОИ ГИ ВРШИ ЈКП "ГАЗИ БАБА - 2007" - СКОПЈЕ**

1. Се објавува Одлуката за давање согласност на Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на цени на комуналните услуги кои ги врши ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на ден 10.02.2015 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-532/6**
**од 11.02.2015 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Тони Трајковски, с.р.**

Врз основа на член 11 став (1) точка 5 од Законот за јавните претпријатија ("Службен весник на РМ" бр.38/96, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14 и 138/14), член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), расправајќи по Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на цени за комуналните услуги кои ги врши ЈКП "ГАЗИ БАБА - 2007" - Скопје, бр.02-18/3 од 28.01.2015 година, Советот на Општина Гази Баба на Дваесет и седмата седница одржана на ден 10.02.2015 година, донесе

**О Д Л У К А**

**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ЦЕНИ ЗА УСЛУГИТЕ КОИ ГИ ВРШИ ЈКП "ГАЗИ БАБА - 2007" - СКОПЈЕ**

**Член 1**

Советот на Општина Гази Баба дава согласност на Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на цени за комуналните услуги кои ги врши ЈКП "ГАЗИ БАБА - 2007" - Скопје, донесена од Управниот одбор на ЈКП "ГАЗИ БАБА-2007" - Скопје, бр. 02-18/3 од 28.01.2015 година.

**Член 2**

Одлуката да се достави до ЈКП "ГАЗИ БАБА - 2007" - Скопје.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 07-356/8**
**од 10.02.2015 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**м-р Милан Андоновски, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13 и 12/14), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕТО ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕТО ЗА ИЗБОР НА ПРЕТСЕДАТЕЛ И ЧЛЕНОВИ НА СТАТУТАРНО-ПРАВНАТА КОМИСИЈАТА НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**

1. Се објавува Решението за изменување на решението за избор на претседател и членови на статутарно-правната комисија на Советот на Општина Гази Баба, што Советот на Општина Гази Баба го донесе на седницата одржана на ден 10.02.2015 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-532/7**
**од 11.02.2015 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Тони Трајковски, с.р.**

Врз основа на член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), Советот на Општина Гази Баба на Дваесет и седмата седница одржана на ден 10.02.2015 година, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е

## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕТО ЗА ИЗБОР НА ПРЕТСЕДАТЕЛ И ЧЛЕНОВИ НА СТАТУТАРНО-ПРАВНАТА КОМИСИЈАТА НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА

1. Во решението за избор на претседател и членови на статутарно-правната комисија на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.6/13 и 6/14), во точка 1, членот на комисијата:

- **"ДАРИО НИКОЛОВСКИ"** се заменува со:

- **"ЃОРЕ СТОЈКОВСКИ".**

2. Ова решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 07-356/9**
**од 10.02.2015 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**м-р Милан Андоновски, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13 и 12/14), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

## Р Е Ш Е Н И Е

## ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕТО ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕТО ЗА ИЗБОР НА ПРЕТСЕДАТЕЛ И ЧЛЕНОВИ НА КОМИСИЈАТА ЗА УРБАНИЗАМ, КОМУНАЛНИ РАБОТИ, СООБРАЌАЈ И ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА

1. Се објавува Решението за изменување на решението за избор на претседател и членови на комисијата за урбанизам, комунални работи, сообраќај и заштита на животната средина на Советот на Општина Гази Баба, што Советот на Општина Гази Баба го донесе на седницата одржана на ден 10.02.2015 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-532/8**
**од 11.02.2015 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Тони Трајковски, с.р.**

Врз основа на член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), Советот на Општина Гази Баба на Дваесет и седмата седница одржана на ден 10.02.2015 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕТО ЗА ИЗБОР НА ПРЕТСЕДАТЕЛ И ЧЛЕНОВИ НА КОМИСИЈАТА ЗА УРБАНИЗАМ, КОМУНАЛНИ РАБОТИ, СООБРАЌАЈ И ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**

1. Во решението за избор на претседател и членови на комисијата за урбанизам, комунални работи, сообраќај и заштита на животната средина на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.6/13), во точка 1, членот на комисијата:

- "**ДИМИТАР СТЕФАНОВСКИ**" се заменува со:

- "**ДАРИО НИКОЛОВСКИ**".

2. Ова решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 07-356/10**
**од 10.02.2015 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**м-р Милан Андоновски, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13 и 12/14), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕТО ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕТО ЗА ИЗБОР НА ПРЕТСЕДАТЕЛ И ЧЛЕНОВИ НА КОМИСИЈАТА ЗА МЕСНА САМОУПРАВА НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**

1. Се објавува Решението за изменување на решението за избор на претседател и членови на комисијата за месна самоуправа на Советот на Општина Гази Баба, што Советот на Општина Гази Баба го донесе на седницата одржана на ден 10.02.2015 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-532/9**
**од 11.02.2015 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Тони Трајковски, с.р.**

Врз основа на член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), Советот на Општина Гази Баба на Дваесет и седмата седница одржана на ден 10.02.2015 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕТО ЗА ИЗБОР НА ПРЕТСЕДАТЕЛ И ЧЛЕНОВИ НА КОМИСИЈАТА ЗА МЕСНА САМОУПРАВА НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**

1. Во решението за избор на претседател и членови на комисијата за месна самоуправа на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.6/13), во точка 1, претседателот на комисијата:

- **"ДИМИТАР СТЕФАНОВСКИ"** се заменува со:

- **"ЃОРЕ СТОЈКОВСКИ"**.

2. Ова решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 07-356/11**
**од 10.02.2015 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**м-р Милан Андоновски, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13 и 12/14), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

## Р Е Ш Е Н И Е

## ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕТО ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕТО ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ЧЛЕНОВИ ОД СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА, ЗА УЧЕСТВО ВО СКЛУЧУВАЊЕ НА БРАКОВИ ВО МАТИЧНАТА СЛУЖБА НА ГРАД СКОПЈЕ И МЕСНИТЕ КАНЦЕЛАРИИ ВО ОПШТИНА ГАЗИ БАБА

1. Се објавува Решението за изменување на решението за определување на членови од Советот на Општина Гази Баба, за учество во склучување на бракови во матична служба на Град Скопје и месните канцеларии во Општина Гази Баба, што Советот на Општина Гази Баба го донесе на седницата одржана на ден 10.02.2015 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-532/10**
**од 11.02.2015 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Тони Трајковски, с.р.**

Врз основа на член 27 став (1) од Законот за семејство ("Службен весник на РМ" бр.80/92, 9/96, 38/04, 33/06, 84/08, 67/10, 156/10, 39/12, 44/12, 38/14 и 115/14) член 36 став (1) точка 15 и член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), Советот на Општина Гази Баба на Дваесет и седмата седница одржана на ден 10.02.2015 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕТО ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ЧЛЕНОВИ ОД СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА, ЗА УЧЕСТВО ВО СКЛУЧУВАЊЕ НА БРАКОВИ ВО МАТИЧНАТА СЛУЖБА НА ГРАД СКОПЈЕ И МЕСНИТЕ КАНЦЕЛАРИИ ВО ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**

1. Во решението за определување на членови од Советот на Општина Гази Баба за учество во склучување на бракови во матичната служба на Град Скопје и месните канцеларии во Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.5/13, 6/13 и 9/14), во точка 1:

II. МЕСНА КАНЦЕЛАРИЈА - МАЏАРИ

- "**ДИМИТАР СТЕФАНОВСКИ**" се заменува со:

- "**МИЦА МЛАДЕНОВСКА**".

2. Ова решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 07-356/12**
**од 10.02.2015 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**м-р Милан Андоновски, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13 и 12/14), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

## Р Е Ш Е Н И Е

### ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ОТПОЧНУВАЊЕ НА ПОСТАПКА ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА ДОГОВОР ЗА ВОСПОСТАВУВАЊЕ НА ЈАВНО ПРИВАТНО ПАРТНЕРСТВО, ЗА ИЗГРАДБА НА НОВ СПОРТСКИ КОМПЛЕКС ''ФУДБАЛСКИ ТРЕНИНГ ЦЕНТАР''

1. Се објавува Одлуката за изменување на Одлуката за отпочнување на постапка за доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство, за изградба на нов спортски комплекс "Фудбалски тренинг центар", што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на ден 10.02.2015 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 08-532/11**
**од 11.02.2015 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Тони Трајковски, с.р.**

Врз основа на член 17 и член 18 од Законот за концесии и јавно приватно партнерство ("Службен весник на РМ" бр.6/12 и 144/14) член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), Советот на Општина Гази Баба на Дваесет и седмата седница одржана на ден 10.02.2015 година, донесе

**О Д Л У К А**

**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ОТПОЧНУВАЊЕ НА ПОСТАПКА ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА ДОГОВОР ЗА ВОСПОСТАВУВАЊЕ НА ЈАВНО ПРИВАТНО ПАРТНЕРСТВО, ЗА ИЗГРАДБА НА НОВ СПОРТСКИ КОМПЛЕКС "ФУДБАЛСКИ ТРЕНИНГ ЦЕНТАР"**

**Член 1**

Во Одлуката за отпочнување на постапка за доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство, за изградба на нов спортски комплекс "Фудбалски тренинг центар", бр.07-5006/44 од 22.12.2014 година ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.14/14), член 9 **се менува и гласи**:

"Член 9

Комисијата за спроведување на постапка за доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство од член 8 на оваа одлука, е должна да ја достави целокупната потребна законска документација, за добивање согласност за трајно користење на земјиштето од Владата на Република Македонија."

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 07-356/13**
**од 10.02.2015 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**м-р Милан Андоновски, с.р.**

# СОДРЖИНА


**ОДЛУКА** за примање и давање на трајно користење на движни ствари ..................................... 4

**ОДЛУКА** за изменување и дополнување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Гази Баба за 2015 година ..................................................... 9

**ОДЛУКА** за измена на распоредот на средствата во Буџетот на Општина Гази Баба за 2015 година .............. 11

**ОДЛУКА** за проширување и измена на распоредот на средствата во Буџетот на Општина Гази Баба за 2015 година .....................................................13

**ОДЛУКА** за утврдување на благајнички максимум за 2015 година ................................................. 15

**ОДЛУКА** за давање согласност на Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на цени на комуналните услуги кои ги врши ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје ........ 17

**РЕШЕНИЕ** за изменување на решението за избор на претседател и членови на статутарно-правната комисија на Советот на Општина Гази Баба ....................................... 19

**РЕШЕНИЕ** за изменување на решението за избор на претседател и членови на комисијата за урбанизам, комунални работи, сообраќај и заштита на животната средина на Советот на Општина Гази Баба ..................................................................... 21

**РЕШЕНИЕ** за изменување на решението за избор на претседател и членови на комисијата за месна самоуправа на Советот на Општина Гази Баба ..................................... 23

**РЕШЕНИЕ** за изменување на решението за определување на членови од Советот на Општина Гази Баба, за учество во склучување на бракови во матична служба на Град Скопје и месните канцеларии во Општина Гази Баба ............................................ 25

**ОДЛУКА** за изменување на Одлуката за отпочнување на постапка за доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство, за изградба на нов спортски комплекс "Фудбалски тренинг центар" ................................... 27



**"Службен гласник на Општина Гази Баба" бр. 02/15**
**27 седница**

Издавач: Општина Гази Баба | главен и одговорен уредник: Васко Апостоловски
ул. Архимедова бр.2 - Скопје | тел: 3 22 28 76, 3 22 56 55 | тираж: 20 примероци

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

ОПШТИНА ГАЗИ БАБА

СКОПЈЕ